unite for children

unicef

## СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИТЕ

# Светскиот ден против детскиот труд повикува на потребата за решавање на најлошите форми на експлоатација

*УНИЦЕФ: Едуцирањето на девојчињата е еден од чекорите кон решавањето на овој проблем*

**ЖЕНЕВА, 12 јуни 2009** година – Одбележувајќи ја десеттата годишнина на Светскиот ден против детскиот труд, УНИЦЕФ, во соработка со своите партнери повикува на активности за решавање на проблемот со сиромаштијата, кој е главната причина за детскиот труд. Подобрувањето на пристапот до квалитетно образование, особено за девојчињата кои живеат во посиромашни и рурални средини, претставува клучен сегмент на еден ефикасен и сеопфатен пристап.

Во целиот свет, повеќето од околу 100 милиони девојчиња кои се предмет на детски труд ги вршат речиси истите работни задачи како и момчињата но притоа се соочуваат со дополнителни тешкотии како и со дополнителни ризици. Уште повеќе, девојчињата често се премногу изложени на некои од најлошите форми на детски труд, и често се во работни ситуации кои не се гледаат, скриени зад ѕидовите на големи фабрики, длабоко во полињата или зад затворени врати на нивните сопствени домови.

„Голем број на девојчиња работат исти земјоделски и производствени работи како и момчињата, но девојчињата сносат поголем товар со тоа што работат многу часови неплатена работа во домаќинството т.е. работат на друго место", вели Сузан Бизел, раководител во УНИЦЕФ за детска заштита. „Она што јавноста не го гледа е работата која девојчињата ја вршат како помошнички во други домаќинства – ова ги изложува младите девојчиња на други опасности и ризици."

Културните и општествено-економските фактори влијаат на одлуките на семејствата да ги испратат девојчињата на училиште. Девојчињата, особено кога влегуваат во пубертет, може исто така да бидат ограничени од други фактори како што е безбедноста при патување до училиште или непостоење на соодветни санитарни и други услови на училиште.

Според Меѓународната организација на трудот, најлошите форми на детски труд се продавање или трговија со деца, присилното регрутирање на деца војници, искористување или нудење на децата проституција или производство

на порнографија, како и користење, врбување или нудење на деца за незаконски активности, или било какви други активности кои е веројатно дека ќе бидат штетни за децата.

Последниот глобален извештај на Меѓународната организација на трудот укажува дека во 2004 година имало вкупно 126 милиони деца кои работеле опасна работа која ја загрозува безбедноста на децата, нивното здравје и развој. Експлоатирани се токму оние кои се најзагрозени – девојчињата, децата без родители, етничките и малцински групи како и децата на улица (во најголем дел се работи за деца кои не посетуваат училиште).

„Едукацијата оозможува безбедна средина за децата но кога детето мора да избере помеѓу момче и девојче кое ќе оди на училиште, девојчето обично останува дома", вели Бизел. „Подобрувањето на образование за децата од сиромашните заедници, обезбедувањето на достапност на флексибилни и соодветно финансирани образовни програми за детскиот труд, како и другите маргинализирани деца, вклучувајќи го и укинувањето на партиципацијата во основното образование – се начини за решавање на условите кои можат да доведат до детски труд".

Во 2000-та година беше формирано партнерство помеѓу УНИЦЕФ, ИКЕА и Владата на Индија за решавање на суштинските причини за детски труд во „индискиот појас за производство на теписи". Како резултат на ова беше имплементирана и програма во вкупно 500 села во источниот регион Утар Прадеш во Индија, што овозможи образование за околу 80.000 деца кои не одеа на училиште. Оттогаш па досега, ИКЕА и УНИЦЕФ имаа за цел да го прошират опфатот со опфат на поголем број на села во регионите на Утар Прадеш каде што се произведуваат теписи и метални производи, како и во регионите во кои се произведува памук во Андра Прадеш.

Позитивниот напредок кој беше направен во изминатите години во подобрувањето на пристапот до образованието и намалувањето на детскиот труд би можел да се соочи со проблем поради актуелната светска економска и финансиска криза, која претставува закана за понатамошниот напредок. Иако многу земји ја имаат остварено Милениумската развојна цел за универзално основно образование, во многу други земји (особено во супсахарска Африка) степенот на одење на училиште и понатаму е на ниско ниво.

Целта на елиминирањето на родовата нееднаквост во основното и средното образование исто така е далеку од тоа да биде исполнета. УНИЦЕФ потенцираше дека сите деца (вклучувајќи ги и девојчињата) имаат право на образование. Девојчињата кои имаат образование е поверојатно дека ќе ја избегнат сиромаштијата и ќе обезбедат дека и нивните деца ќе бидат едуцирани, со што ќе помогнат да се избегнува детскиот труд во иднина. Оваа година исто така се одбележуваат и 20 години од Конвенцијата за правата на детето.

Забелешка: Бројките кои се цитирани тука се од Меѓународната организација на трудот.

***За УНИЦЕФ***
*УНИЦЕФ е активен во повеќе од 150 држави и територии со цел да им помага на децата во нивниот опстанок и развој – од најраната младост се’ до зрелоста. Како најголем обезбедувач на вакцини за земјите во развој, УНИЦЕФ го поддржува здравјето и исхраната на децата, добрите санитарни услови и пристап до вода, квалитетно основно образование за сите момчиња и девојчиња, и заштитата на децата од насилство, експлоатација и СИДА. УНИЦЕФ во целост се финансира од доброволни придонеси од поединци, фирми, фондации и Влади.*

**За повеќе информации, контактирајте со:**
Kate Donovan, UNICEF Media, New York, + 1 212-326-7452, kdonovan@unicef.org